Народната банка на Република Македонија, Министерството за финансии на Република Македонија Агенцијата за супервизија на осигурување и Бирото за развој на образованието објавуваат

**КОНКУРС**
**за ученици од основното и средното образование по повод**
**Светскиот ден на штедењето – 31 октомври**
**и Светскиот ден на осигурувањето – 1 ноември**

1. *Теми и услови на конкурсот за учениците од основно образование*

Учениците од основното образование може да испратат **литературна творба – песна и/или ликовна творба – цртеж** на една или на двете зададени теми:

**„И јас умеам да штедам“** и
**„Што значи за мене осигурувањето на домот и семејството“**

За избраните најдобри творби на учениците од основно образование ќе им бидат доделени вкупно 12 награди, и тоа:
- по 3 награди за најдобра литературна творба – песна на двете теми, или вкупно 6 награди.
- по 3 награди за најдобра ликовна творба – цртеж на двете теми, или вкупно 6 награди;

На учениците чиишто творби се наградени ќе им биде доделена парична награда во износ од 3.000,00 денари за најдобра ликовна и литературна творба, со депонирање на паричната награда во банка по нивен избор.
**Крајниот рок за доставување на творбите е 15 октомври 2018 година.**

2. *Теми и услови на конкурсот за учениците од средно образование*

Учениците од средното образование може да учествуваат на конкурсот на два начина:
а) да испратат литературна творба – **есеј** на тема: **„Штедам – мислам на својата иднина“**.
Есејот треба да има најмногу 1.800 зборови и да содржи личен поглед кон штедењето, со осврт на некои од следниве прашања: причините и потребата за штедење, значењето на штедењето за иднината, ставот кон штедењето на младата популација наспроти повозрасните, семејните навики и штедењето, познавањата на младите за штедењето во финансиските институции и други аспекти.
б) да испратат литературна творба – **расказ** на тема: **„Што значи за мене осигурувањето на домот и семејството“**.
За избраните најдобри творби на учениците од средното образование ќе им бидат доделени вкупно 6 награди, и тоа:
- 3 награди за најдобра литературна творба – есеј;
- 3 награди за најдобра литературна творба – расказ.

На учениците чиишто творби се наградени, ќе им биде доделена парична награда во износ од 6.000,00 денари со депонирање на паричната награда во банка по нивен избор.
**Крајниот рок за доставување на творбите е 15 октомври 2018 година.**

*Заеднички услови коишто важат за учениците од основно и средно образование:*
Со цел да се заштити работата на учениците, Ве молиме потпишете ги Вашите творби, со тоа што на задниот дел на творбите задолжително да се наведат следниве информации:

- Име и презиме на ученикот,
- Назив на училиштето каде што ученикот посетува настава (одделение / година / општина / село / град),
- Име и презиме на родителот / старателот со адреса на живеење, и
- Телефон за контакт на родителот / старателот / наставникот / професорот.

Начин на достава на творбите:

Сите творби (цртеж, песна, расказ и есеј) може да се доставаат директно во Архивата на Народната банка или преку пошта. Литературните творби (песна, расказ и есеј) може да се доставаат и по електронски пат на следнава електронска адреса: edukacija@nbrm.mk.
Адреса за достава преку пошта со назнака:
**„За конкурс по повод Светскиот ден на штедењето – 31 октомври" и/или**
**„За конкурс по повод Светскиот ден на осигурувањето – 1 ноември"**
**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**бул. „Кузман Јосифовски-Питу" бр. 1, 1000 Скопје.**
Пристигнатите творби ќе ги разгледуваат и ќе ги оценуваат жири-комисии формирани од претставници на Народната банка на Република Македонија, Министерството за финансии на Република Македонија, Агенцијата за супервизија на осигурување и Бирото за развој на образованието.
Списокот на наградените ученици, датумот и локацијата на доделувањето на наградите ќе бидат објавени најдоцна до 31 октомври 2018 година, на интернет-страниците на трите институции: на Народната банка http://nbrm.mk/, на Министерството за финансии http://finance.gov.mk/ и на Агенцијата за супервизија на осигурување http://aso.mk/.
За подетални информации Ве молиме обратете се на електронската пошта на Народната банка: edukacija@nbrm.mk, Министерството за финансии: finance@finance.gov.mk и Агенцијата за супервизија на осигурување: contact@aso.mk.

Banka Popullore e Republikës së Maqedonisë (BPRM), Ministria për Financa, Agjensioni për Mbikëqyrje të Sigurimeve (ASO)dhe Byroja e zhvillimit të arsimit shpallin

**KONKURS**
**për nxënësit e arsimit fillor dhe të mesëm me rastin e**
**Ditës Botërore të Kursimit - 31 tetor**
**dhe Ditës Botërore të Sigurimit - 1 nëntor**

*1. Temat dhe kushtet e konkursit për nxënësit e arsimit fillor*

Nxënësit e arsimit fillor mund të dërgojnë **punim letrar - poezi dhe/ose punim të artit - vizatim** në njërën ose dy temat e dhëna:

**"Edhe unë di të kursej" dhe**
**"Çka nënkuptoj me sigurimin e shtëpisë dhe familjes"**

Për punimet më të mira të nxënësve të arsimit fillor do të ndahen gjithsej 12 shpërblime, edhe atë:
- nga tre shpërblime për punim më të mirë letrar - poezi në të dy temat, ose gjithsej 6 shpërblime.
- nga tre shpërblime për punim më të mirë të artit - vizatim në të dyja temat, ose gjithsej 6 shpërblime.

Nxënësve, punimet e të cilëve kanë fituar, do ju ndahet shpërblim në para në shumë prej 3.000,00 denarë për punimin më të mirë letrar ose të artit, duke e deponuar shpërblimin në para në bankat sipas zgjedhjes së tyre.

**Afati përfundimtar i dorëzimit të punimeve është 15 tetor 2018.**

*2. Temat dhe kushte e konkursit për nxënësit e arsimit të mesëm*

Nxënësit e arsimit të mesëm mund të marrin pjesë në konkurs në dy mënyra:
a) të dërgojnë punim letrar - **esej** me temë: **"Kursej - mendoj për të ardhmen time".**
Eseja duhet të ketë më së shumti 1.800 fjalë dhe të përmbajë pikëpamje personale ndaj kursimit, duke iu referuar çështjeve në vijim: Arsyeja dhe nevoja për kursim, rëndësia e kursimit për të ardhmen, qëndrimi i të rinjve ndaj kursimit në krahasim me më të moshuarit, shprehitë familjare dhe kursimi, njohuritë e të rinjve për kursimin në institucionet financiare dhe aspekte të ndryshme.
b) të dërgojnë punim letrar - **tregim të shkurtër** me temë: **"Çka nënkuptoj me sigurimin e shtëpisë dhe familjes"**

Për punimet më të mira të nxënësve të arsimit të mesëm do të ndahen gjithsej 6 shpërblime, edhe atë:
- 3 shpërblime për punim më të mirë letrar - esej;
- 3 shpërblime për punimin më të mirë letrar - tregim i shkurtër.

Nxënësve, punimet e të cilëve kanë fituar, do ju ndahet shpërblim në para në shumë prej 6.000,00 denarë, duke e deponuar shpërblimin në para në bankat sipas zgjedhjes së tyre.

**Afati përfundimtar i dorëzimit të punimeve është 15 tetor 2018.**

*Kushte të përbashkëta të cilat vlejnë për nxënësit e arsimit fillor dhe të mesëm:*

Për të mbrojtur punën e nxënësve, Ju lutemi detyrimisht të nënshkruani punimet tuaja në anën e prapme duke vendosni informatat e mëposhtme:

- Emri dhe mbiemri i nxënësit,
- Emri i shkollës ku nxënësi ndjek mësim (klasa / viti komuna / fshati / qyteti),
- Emri dhe mbiemri i prindit / kujdestarit me adresë banimi dhe
- Telefon për kontakt të prindit / kujdestarit / mësuesit / profesorit.

Mënyra e dorëzimit të punimeve:

Të gjithë punimet (vizatim, poezi, tregim i shkrutër dhe esej) mund të dorëzohen drejtpërsëdrejti në Arkivin e Bankës Popullore ose përmes postës. Punimet letrare (poezia, tregimi i shkrutër dhe eseaja) mund të dorëzohen edhe në mënyrë elektronike në adresën elektronike në vijim: edukacija@nbrm.mk.

Adresa për dorëzim përmes postës me shenjë:

**"Për konkursin me rastin e Ditës Botërore të Kursimit - 31 tetor" dhe/ose**
**"Për konkursin me rastin e Ditës Botërore të Sigurimit - 1 nëntor"**

**BANKA POPULLORE E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË**
**bul. “Kuzman Josifovski - Pitu” nr. 1,1000 Shkup**
Punimet e arritura do t’i shqyrtojë dhe vlerësojë komisioni i jurisë i formuar nga përfaqësuesit e Bankës Popullore të Republikës së Maqedonisë, Ministrisë së Financave të Republikës së Maqedonisë, Agjensionit për Mbikëqyrjet të Sigurimeve dhe Byroja e zhvillimit të arsimit.
Lista e nxënësve fitues, data dhe lokacioni i ndarjes së çmimeve do të shpallet më së voni deri më 31 tetor 2018, në internet faqet e të tre institucioneve: Bankës Popullore http://nbrm.mk/, Ministrisë së Financave http://finance.gov.mk/ dhe Agjensionit për Mbikëqyrje të Sigurimeve http://aso.mk/.
Për informata më të hollësishme Ju lutemi na kontaktoni në e-mailin e Bankës Popullore: edukacija@nbrm.mk, Ministrisë së Financave: finance@finance.gov.mk dhe Agjensionit për Mbikëqyrje të Sigurimeve: contact@aso.mk.